ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 22-179/1**

**Дата:** 06.02.2014

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
СКОПЈЕ

## РЕЗИМЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на успешност на тема „Ефективноста и ефикасноста од примената на електронскиот дневник во основното и средното образование˝.
Ревизијата на успешност е извршена согласно Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на ДЗР за 2013 година.

Со ревизијата на успешност е опфатена област која до сега не била предмет на ревизија, а која претставува предмет на интерес од повеќе аспекти и за повеќе целни групи.

Ова известување претставува наше мислење по извршената ревизија на успешност која се однесува на повеќе активности поврзани со законски и други услови за реализација на Проектот Е- Дневник.

Со ревизијата се насочивме на активностите на Министерството за образование и наука поврзани со реализација на Проектот Е- Дневник, соодветните активности кои ги имаат Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование, и обука, основните и средните училишта и Државниот просветен инспекторат во вршење на инспекциски надзор над негово водење (во понатамошниот текст: МОН, БРО, ЦСОО, ДПИ). Заради обезбедување целосен опфат на прашања од значење на оваа ревизија спроведени беа и интервјуа со одговорните лица во дел од посочените институции како и непосреден увид во Е- Дневникот.

Периодот кој беше опфатен со нашата ревизија е септември 2011-декември 2013 година, иако се дадени состојби и настани кои се случиле и претходно.

Проектот „Информиран родител (Е-Дневник)„ е предвиден со Програма на Владата на Република Македонија за период 2011-2015 година со цел подобрување на комуникацијата помеѓу наставниците и родителите и овозможување секојдневен и едноставен увид во дневникот за оценките, поведението и отсуствата на децата, наставните содржини и други информации, со имплементација од септември 2011 година.

Задолжителноста на водење на дневникот на паралелката во електронска форма (Е-Дневник) преку веб апликација која ја администрира Министерството за образование и наука е од септември 2011 година, согласно измените на Законот за основно и Законот за средно образование во 2011 година. Притоа, некои значајни прашања не биле утврдени во законската регулатива, а некои после подолг период се регулирани што во одредена мера имало влијание врз реализацијата на проектот.

Ревизијата е спроведена со цел да даде оценка на откриените ризици како и препораки за подобрување на неговите функционалности и зголемување на степенот на искористеност на податоците од истиот.

Во таа насока со нашата ревизија се насочивме на неколку ризични подрачја во деловите на:

- Правната рамка и стратешки документи за реализација на проектот Е-Дневник;

- Координација меѓу МОН и институциите кои вршат проверка и „валидација„ на постојните и дополнување на нови наставни планови, програми и теми на наставни програми во ЕМИС и користење на податоците од ЕМИС администраторите во училиштата;

- Креирање, примена и функционални слабости на апликацијата Е-Дневник;

- Користење на податоците од Е-Дневникот од страна на МОН, училиштата и информирање на родителите;

- Развој и одржување на апликацијата Е-Дневник и информациониот систем на МОН.

Состојбите кои се прикажани во овој извештај се резултат на применетите постапки на ревизијата со цел постигнување на објективна и реална оценка на тековните состојби како и креирање на јасни и реални препораки кои МОН треба да ги спроведе.

Нашата ревизија беше насочена кон повеќе откриени ризици кај споменатите области кои генерално се однесуваа на давање одговор за „**Ефективноста и ефикасноста од примената на електронскиот дневник во основното и средното образование** со посебен осврт на подобрување на неговите функционалности и зголемување на степенот на искористеност на податоците од истиот“.

Целокупниот опфат и доказите кои ги обезбедивме по пат на спроведените техники и методологија од страна на ревизијата, ни дадоа основа да го изразиме следното мислење:

Имајќи го предвид досегашните активности на МОН за имплементација на Проектот „Информиран родител (Е-Дневник)„ предвиден со Програма на Владата на Република Македонија за период 2011-2015 година и обезбедените услови за негова примена од страна на неговите корисници сметаме дека е постигнато задоволително ниво. Целосно е овозможена комуникацијата помеѓу наставниците и родителите за неделно информирање за оценките, поведението и отсуствата на децата. Постигнато е задоволително ниво на иплементација на апликацијата и примена од страна на наставниците.
Во однос на искористеност на податоците од Е-Дневникот и нивна обработка за потребите на МОН, другите државни институции потребно е да се интензивираат активностите за имплементација на предвидениот модул и дообезбедување на услови во однос на непречена достапност на апликацијата во секое време.

Со ревизијата констатиравме дека во периодот од 2011 - заклучно со ноември 2013 година имало одредени неправилности и состојби поврзани со правни акти и други документи кои влијаеле на ажурноста на водење Е-Дневникот, слабости во координација на институциите кои имаат активности потребни за негово навремено функционирање, функционални слабости на апликацијата и неимплементирани делови во неа и други состојби кои влијаат на развој, имплементација и оптеретеност на апликацијата, особено следните:

Проектот „Информиран родител (Е-Дневник)“, МОН започнал да го реализира со постапка за јавна набавка во 2010 година за избор на правен субјект за изработка на апликација Е-Дневник, без стратегија за долгорочно дефинирање на потребните активности.

Динамиката на водење на Е-Дневникот на неделна основа е дефинирана после две години од неговото воведување што имало влијание во учебните 2011/2012 и 2012/2013 година содржините во него наставниците да ги внесуваат во различни временски интервали. Со оглед дека согласно законската и поздаконската регулатива дневникот на паралелката е дел од педагошката документација и евиденција и предмет на инспекциски надзор, не е дефинирано дали Е- Дневникот е дел од истата.

Функционирањето на Е-Дневникот со започнување на новата учебна година е условено од навремено завршување на активностите на институциите за проверка и „валидација„ на постојните и дополнување на нови наставни планови, програми и теми на наставни програми во ЕМИС базата кои им се потребни на администраторите во училиштата за креирање на паралелките и поврзување на наставниот кадар со соодветен предмет/профил, за што МОН нема пишани процедури за координација на истите.

Утврдивме одредени слабости и потешкотии при користење на воспоставените функционалности на апликацијата Е-Дневник, неимплементирани делови од дневникот на паралелката и различно постапување на наставниците по одредени прашања или ситуации кои можат да влијаат на идентичност на податоците помеѓу Е-Дневникот и дневникот на паралелката и други можни ефекти.

Модулот за изработка на Извештај за внес на дополнително дефинирани кориснички извештаи за потребите на МОН не е имплементиран, а предвидено е да овозможи изработка на извештаи/прегледи по различни димензии на најважните параметри на образовниот процес и извештаи поврзани со оптовареност и посетеност на системот.
Во услови на недонесена Стратегија за развој на информациониот систем на МОН и нецелосно дефинирана ИТ безбедност не добивме уверување дека постои сеопфатна анализа со која ќе се утврдат сите потенцијални ризици во развојот на информациониот систем и можни ризици во функционирање на Е-Дневникот.

Нашите препораки во овој извештај се однесуваат на активности кои МОН треба да ги преземе со цел отстранување на утврдените неправилности, состојби и наоди во извештајот даден во продолжение, како и создавање услови во функција на подобрување на ефективноста и ефикасноста на примена на Е- Дневникот. Во таа насока изградивме сет препораки упатени на МОН.

Ревизијата ги респектира активностите кои МОН и другите инволвирани институции досега ги презеле а се од значење за надградба на апликацијата со нови функционалности, мерки за тековно функционирање на Е-Дневникот и други активности за непречено користење и негова достапност.

МОН да ја преиспита потребата од донесување соодветен документ за дефинирање на идните активности, со цел натамошна реализација и целосно заокружување на проектот Е- Дневник.

Во насока на обезбедување услови за навремено отпочнување на водење на Е-дневникот, укажуваме на потреба МОН да донесе пишани процедури за комуникација, координација и рокови за завршување на „валидација„ на постојните и дополнување на нови наставни планови, програми и теми на наставни програми во ЕМИС базата кои ги вршат БРО и ЦСОО и рокови за внесување на

податоците во ЕМИС базата за новата учебна година од страна на администраторите во училиштата.

Во соработка со корисниците на Е-Дневникот, укажуваме на потребата МОН да ги преиспита функционалните слабости на апликацијата, неимплементираните делови од дневникот на паралелката и да ги интензивира активностите за ипмлементирање на Модулот за изработка на Извештај за внес на дополнително дефинирани кориснички извештаи за потребите на МОН со обработка на податоците од Е-Дневникот.

Сметаме за потребно МОН да донесе стратешки документ за развој на информациониот систем или акционен план за дефинирање насоки за исполнување на зададените цели.

На ден 19.12.2013 година во просториите на МОН одржана е завршна средба од страна на ДЗР со цел запознавање на раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија со основните оценки и препораки произлезени од извршената ревизија.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 22-253/17 од 27.12.2013 година.